Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК
од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 февруари 2021 година

Скопје, февруари 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 февруари 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 11:35 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

На седницата не учествуваше м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија

1. Записник од Дваесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 15 февруари 2021 година

2. Информација за покренување на постапка за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, со предлог-одлуки

3. Информација во врска со потребата од поднесување на апликација за техничка помош за подготовка на проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Србија

4. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Јавна Установа завод за заштита и рехабилитација Бања Банско-Струмица

5. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

6. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2021 година

7. План за намена на радиофреквенциските опсези, со Предлог-одлука

8. Информација за продажба на одземени недвижности на трето јавно наддавање, со Предлог-одлука

9. Информација за продажба на одземени недвижности на трето јавно наддавање, со Предлог-одлука

10. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или

транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Национална установа библиотека Григор Прличев-Охрид)

11. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство, услуги и трговија „Ускана гара ДООЕЛ" с. Мамудовци, Кичево арх.број 10-2815/1

12. Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите косопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела

13. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

14. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за утврдување на градба од посебен интерес со основна класа на намена А3 – Групно домување (студентски дом) и компатибилни намени на основната класа на намена, која е потребно да се предвиди во рамки на дел од КП 514/1, запишана на Имотен лист бр.42705, КО Карпош и на КП 518/1, запишана на Имотен лист Бр.5014 за КО Карпош, преку изработка на урбанистичко-планска документација за градби од посебен интерес

15. Информација со предлог за разгледување и одобрување на иницијативата за формирање на интерресорска работна група со задача да креира национален акциски тим за борба против тероризам, со Предлог-одлука

16. Барање за дислокација и отуѓување на ствари кои се наоѓаат во погоните на ДППУ „Препород" ДООЕЛ

17. Информација за административниот капацитет на ИПА структурата во институциите акредитирани за индиректно управување со средства од ИПА

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на дел од туристички комплекс-туристичка населба Абланица со основна класа на намена А4-времено сместување КО Берово, Општина Берово, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А3-групно домување-Дом за престој и нега на стари лица КО Трработивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука

20. Информација за одобрување на Тендерски документации за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води

21. Информација за обезбедување на нов заем од Европската инвестициона банка за реализација на втора фаза од проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“

22. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров

23. Предлог-решение за формирање Комисија за разгледување на барања за добивање дозвола за вршење извоз-увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема

24. Информација за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на интегриран систем за управување, мониторирање, следење и контрола на акцизни добра, со Предлог – одлука и Физибилити студија

25. Предлог - деловник за дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија

26. Информација за повеќегодишна набавка на „Одржување на LMS (Системот за управување со учењето)“

27. Информација за спроведување на набавка за продолжување на поддршката за лиценците кои се користат за ИКТ проектите

28. Информација за повеќегодишна набавка на „Одржување на системот за плаќање на таксени марки преку СМС (eNAPSIS)”

29. Информација за повеќегодишна набавка на „Превентивно и адаптивно одржување на системот ЕНЕР“

30. Информација со Предлог-методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите

31. Информација за подготовка на првата меѓународна конференција во рамките на Преспа Форумот за дијалог во Охрид и Преспа од 15 до 17 јуни 2021 година

32. Предлог-одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Азербејџан

33. Предлог-одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Руската Федерација во Република Северна Македонија

34. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1127 на Советот од 30 јули 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади што претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки

35. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1516 на Советот од 19 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИЛ (Да’еш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти поврзани со нив

36. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1506 на Советот од 16 октомври 2020 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ (моторно возило )

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи (пловен објект)

39. Информација за подготовката на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 25 февруари 2021 година во Скопје

40. Информација за изработката на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36), со Предлог на Извештај

41. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Сатива 19 ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

42. Предлог-одлуказа престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Охрид (санитетско возило)

43. Предлог-одлуказа видот и висината на надоместоците на членовите на Одборот за акредитација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа

44. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2021 година

45. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на директорите и давателите на услуги во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2021 година

46. Предлог-одлука за утврдување на износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната Установа за деца Детско одморалиште „Илинден“ – Гостивар за 2021 година

47. Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

48. Барање за давање на автентично толкување на член 6 став (2) алинеја 2 од Законот за бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Северна Македонија" број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 24/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), поднесено од пратеникот Панчо Минов

49. Барање за автентично толкување на член 78 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, бр.199/14, бр.48/158, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и бр. 14/20), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска

50. Предлог на Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2021 година и Предлогот на Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2021 година, со предлог-одлуки

51. Годишна програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2021 година

52. Иницијатива поднесена од Владимир Василевски од Скопје, преку адвокат Горан Андревски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.310/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката на Владата на Република Македонија за предавање на недвижност-градежно земјиште во владение на ЈП за државни патишта, бр.42-40721 од 03.06.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2014)

53. Иницијатива поднесена од адвокатското друштво Давидовиќ и Јанковиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.322/2020 за оценување на уставноста на член 61 став 2 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/1998, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/2010, 55/2013, 33/2015 и 104/2015)

54. Понуда од нотар Пане Нацев од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 17476 за КО Кавадарци, на КП бр. 13457 , место\ улица Д.Атанасов 4 и Имотен лист бр. 5572 за КО Кавадарци, на КП бр. 13457

55. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12055 за КО Ѓорче Петров 1-Ново Село на КП бр.721/4, викано место Блага Вода

56. Понуда од нотар Наташа Велеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4979 за КО Прилеп на КП бр.6783

57. Понуда од нотар Анита Адамческа од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.66955 за КО Маџари на КП бр.1125/36 на место викано/улица „Перо Наков“ бб

58. Понуда од нотар Анита Адамческа од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7329 за КО Центар 1, Имотен лист бр.111109 за КО Центар 1 и Имотен лист бр.111108 за КО Центар 1, КП бр.13577/2

59. Понуда од нотар Сашо Клисаревски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен листбр.55294 за КО Центар 2, на КП бр.2692, место/улица С. Арсов

60. Известување од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр. 742/20 за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9377 за КО Крива Паланка, КП 3788

61. Иницијатива поднесена од Софче Ристова од Струмица, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.311/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 2 од Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.190/2019)

62. Кадровски прашања

63. Прашања и предлози

64. Годишна програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2021 година, со Годишен финансиски план

65. Информација за степенот на реализација на користење на средствата за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2020 година

66. Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година

67. План за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година

68. Тромесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес, октомври-декември 2020 година

69. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули-декември 2020 година

70. Годишен извештај за работата на Државниот испитен центар за 2020 година, со финансиски извештаи за 2020 година и дополнување кон Извештајот

71. Информација за извршени координирани акции и други активности на Координативното тело за интелектуална сопственост во текот на 2020 година

72. Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година

73. Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2020 година

74. Информација за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надоместок на Државната комисија за спречување на корупцијата, со Предлог-одлука

75. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентскиот дом „Никола Карев“ Охрид

76. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св. Наум Охридски“ Македонски Брод

77. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци

78. Информација за добивање на согласност за доделување на движна ствар – патничко моторно возило и возач на лично располагање на времено користење без надоместок на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, со Предлог-одлука

79. Предлог-уредба за дополнување на Уредбата за утврдување на критериумите за особен, научен економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија

80. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово

81. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка

82. Информација со Предлог - барање за автентично толкување на член 3 став (1) точка 12 и член 49 став (1) од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни

супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17)

83. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје

84. Информација за предметот на набавка, целите на системот и детален опис на софтверско решение за Кодификација на правото и правниот поредок на Република Северна Македонија

85. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пинџуклиски“ Кратово

86. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје

87. Информација за вклучување на Република Северна Македонија во серијата дијалози за глобалните сајбер политики во соработка со Кралството Холандија

88. Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола

89. Информација за петти сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на КОВИД-19

90. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија

91. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за остварување на правата на заедниците

92. Информација за проектот за човечки капитал и изработка на стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија во соработка со Групација Светска банка

93. Информација за исплата на пензии за февруари 2021 година

94. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“ – Скопје

95. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за правда - Инспекторат за употреба на јазиците

96. Предлог на закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19, за месеците февруари и март 2021 година, по скратена постапка

97. Предлог на закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19, заради исплата на плата за месеците февруари и март 2021 година, по скратена постапка

98. Информација за содржината на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од обласста на културата за 2021 година, со Предлог-одлука

99. Информација за потребните активности за продолжување на процесот на децентрализација со Предлог-одлука за формирање на Работна група за продолжување на процесот на децентрализација

*

* *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања м-р Никола Димитров ги информираше членовите на Владата за отворените прашања за ИПА, Извештајот од пред нотификацијата на 25-от повик за техничка помош и 6-от повик за инвестициски грантови во рамките на Инвестициската рамка за Западен Балкан и Отворените прашања за ИПАРД Програмата.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Дваесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 15 февруари 2021 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за покренување на постапка за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за 2019 година.

2. Одлуката за одобрување на Финансиските извештаи на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за 2019 година.

3. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за 2019 година.

4. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2019 година (Марко Ѓоргиевски - независен неизвршен член и претседател на Одборот на директори).

5. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2019 година (Александра Маројевиќ - независен неизвршен член и претседател на Одборот на директори).

6. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2019 година (Дејан Цветаноски - неизвршен член на Одборот на директори) и

7. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2019 година (Бајрам Реџепи - извршен член на Одборот на директори), во предложените текстови.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од поднесување на апликација за техничка помош за подготовка на проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Србија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на НЕР АД Скопје веднаш да поднесе барање до Европската банка за обнова и развој за водечка финансиска институција за поддршка на апликацијата.

2. Се укажува на НЕР АД Скопје, по добивање на позитивен одговор од Европската банка за обнова и развој, да ја изработи ВБИФ апликацијата и да ја достави на мислење до Министерството за финансии и Министерството за економија, со цел Секретаријатот за европски прашања навремено да ја достави апликацијата до ВБИФ.

## Точка 4

Владата ги разгледа Предлог – одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско – Струмица и Предлог – одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Јавната установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско – Струмица и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско – Струмица, во предложениот текст.

2. Предлог – одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Јавната установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско – Струмица да се разгледа на наредната седница на Владата.

Истовремено, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2021 година, за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на Предлог-одлуката да се усогласи со Министерството за информатичко општество и администрација.

Овој материјал претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 7**

Владата го разгледа Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за продажба на одземени недвижности на трето јавно наддавање, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за продажба на одземен недвижен имот на трето јавно наддавање, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземени недвижности на трето јавно наддавање, со најнов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за продажба на одземен недвижен имот на трето јавно наддавање, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство, услуги и трговија „Ускана Гара ДООЕЛ" с. Мамудовци, Кичево арх. број 10-2815/1 за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања помеѓу Министерството за транспорт и врски и Општина Кичево, по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Истовремено, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 12

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност со постапка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е косопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите косопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави ново мислење по Предлог-одлуката.

## Точка 14

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок на важење на Одлуката за утврдување градба од посебен интерес со основна класа на намена А3 – групно домување (студентски дом) и компатибилни намени на основната класа на намена, која е потребно да се предвиди во рамки на дел од КП 514/1, запишана на Имотен лист бр. 42705 за КО Карпош и на КП 518/1, запишана на Имотен лист бр. 5014 за КО Карпош, преку изработка на урбанистичко планска документација за градби од посебен интерес, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата со предлог за разгледување и одобрување на иницијативата за формирање на интерресорска работна група со задача да креира национален акциски тим за борба против тероризам, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на интерресорска работна група за воспоставување Национален акциски тим за борба против тероризмот, во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, Агенцијата за национална безбедност, Министерството за одбрана, Министерството за правда, Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Царинската управа, Министерството за здравство, Здравствен дом Скопје-Служба за итна медицинска помош, Министерството за транспорт и врски, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, а се укажува на Агенцијата за цивилно воздухопловство, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за разузнавање и им се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Противпожарниот сојуз на Македонија, во координација со националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, во рок од седум дена да номинираат до Националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, по еден член и еден заменик член во Интерресорскаработна група за воспоставување на Национален акциски тим за борба против тероризам, како и за изготвување на Стандардните оперативни процедури.

## Точка 16

Владата го одложи од разгледување Барањето за дислокација и отуѓување на ствари кои се наоѓаат во погоните на ДППУ „Препород“ ДООЕЛ Скопје со заклучок Бирото за судски вештачења да направи нова процена на стварите кои се предмет на отуѓување, од причина што, согласно одредбите од Законот за процена,

процената важи една година сметано од денот на поднесувањето на Извештајот за извршена процена, а во овој случај доставена е процена од 2014 година.

По добивањето на новата процена направена од страна на Бирото за судски вештачења Барањето за дислокација и отуѓување на ствари кои се наоѓаат во погоните на ДППУ „Препород“ ДООЕЛ Скопје повторно да се разгледа на седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за административниот капацитет на ИПА структурата во институциите акредитирани за индиректно управување со средства од ИПА и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Управувачката структура и ЦФЦД во рамките на Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања (НИПАК), Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за локална самоуправа, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (ИПАРД Агенцијата) и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (Телото за управување), а се препорачува на Јавно претпријатие за државни патишта, да направат оптимизација на бројот на потребни вработувања при изготвување на Анализата за обем на работа;

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања (НИПАК), Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за локална самоуправа, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (ИПАРД Агенција) и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да извршат анализа на можноста за пополнување на потребните вработувања за 2021 година во ИПА структурите преку внатрешна прераспределба во рамките на соодветната институција или трансфер од други институции имајќи ги во предвид потребните квалификации кои треба да ги поседуваат кандидатите (особено познавање на англиски јазик) или преку нови вработувања, врз основа на претходно донесени/изменети Годишни планови за вработувања.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања (НИПАК), Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за локална самоуправа, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (ИПАРД Агенција) и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во барањата за согласност за вработувања кои ќе ги достават до

Министерство за финансии, експлицитно да наведат дека барањата се однесуваат за вработувања во ИПА структурата на институцијата.

4. Се препорачува на Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања (НИПАК), Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за локална самоуправа, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (ИПАРД Агенција) и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, лицата кои ќе бидат прераспределени/вработени во ИПА структурите да не бидат прераспределувани во други Сектори/Одделенија во рамките на нивните или други институции во рок од најмалку една година.

5. Се задолжува Министерството за финансии доколку се јави потреба за обезбедување на дополнителни финансиски средства за новите вработувања во ИПА структурите, истите да ги земе во предвид при подготовка на евентуалниот Ребаланс на Буџетот за 2021 година, а на барање на самите институции во кои има воспоставено ИПА структури.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Мислењето на Министерството за образование и наука.

**<u>Точка 18</u>**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на дел од туристички комплекс-туристичка населба Абланица со основна класа на намена А4-времено сместување КО Берово, Општина Берово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на дел од туристички комплекс-туристичка населба Абланица со основна класа на намена А4-времено сместување КО Берово, Општина Берово, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 19</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А3-групно домување-Дом за престој и нега на стари лица КО Тработивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за

изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А3-групно домување-Дом за престој и нега на стари лица КО Работивиште, Општина Делчево, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одобрување на Тендерските документации за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со тендерски документации и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Треска 2 - Бродски“.

2. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 5 - Неготински“.

3. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Крива Река 1 - Кривопаланечки“.

4. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница-Делчевски“.

5. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“.

6. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски слив“.

7. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“.

8. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“.

9. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“.

10. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“.

11. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“.

12. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“.

13. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Водоча“.

14. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Крушевска“.

15. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Преспанско Езеро“.

16. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Далјан“.

17. Се одобрува Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Преспанско Езеро“.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на нов заем од Европската инвестициона банка за реализација на втора фаза од проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ и ја усвои со следниот заклучок:

- се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, да ја извести Европската инвестициона банка дека наместо Министерството за транспорт и врски втората фаза од проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води” која ќе се финансира со новиот дополнителен заем во износ од 50.000.000 евра, ќе ја имплементира Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров (нов текст), ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров, со заклучок рокот за поднесување на понуди (8.2.2021 година) да се коригира, со оглед дека истиот е надминат.

## Точка 23

Владата го донесе најновиот текст на Решението за формирање на Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење извоз-увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 24

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на интегриран систем за управување, мониторирање, следење и контрола на акцизни добра, со Предлог – одлука и Физибилити студија и го усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за започнување постапка за воспоставување систем за маркирање на горива, воспоставување електронски систем за следење и пронаоѓање на тутунски производи, систем за следење на алкохолни пијалоци и пиво и систем за следење на лекови, во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за финансии, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот пазарен инспекторат, Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија (МАЛМЕД), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за енергетика), Стопанската комора (претставник од делот

на Здружението за трговија), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението на производителите на тутун и производи од тутун), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за земјоделство и прехранбена индустрија), во рок од три дена да номинираат по еден член и заменик член во Комисијата која да подготви и во рок од 60 дена до Владата да достави предлог правни акти (законски и подзаконски) за функционирање на Електронскиот систем за следење на акцизни добра (track and trace).

3. Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за финансии, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот пазарен инспекторат, Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија (МАЛМЕД), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за енергетика), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за трговија), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението на производителите на тутун и производи од тутун), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за земјоделство и прехранбена индустрија) во рок од три дена да номинираат по еден член и заменик член во Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на систем за следење на акцизни добра, која во рок од 30 дена по доставата на предлог правни акти (законски и подзаконски) за функционирање на Електронскиот систем за следење на акцизни добра и лекови до Владата да го достави Јавниот повик и Тендерската документација, како и да изготви акциски план за сузбивање на нелегалната трговија со режаниот тутун.

Истовремено, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 25</u>**

Владата го донесе новиот текст на Деловникот за дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за повеќегодишна набавка на „Одржување на LMS (Системот за управување со учењето)“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за започнување на повеќегодишна јавна набавка на „Одржување на LMS (Системот за управување со учењето)“ и за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2021 и 2022 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за повеќегодишна набавка на „Одржување на LMS (Системот за управување со учењето)“, во вкупна вредност од 1.200.000,00 денари без ДДВ; со динамика на плаќање од 600.000,00 денари во 2021 година и 600.000,00 денари за 2022 година, од кои средствата за 2021 година се одобрени во буџетот на Министерството за таа година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги предвиди потребните буџетски средства за повеќегодишна набавка на „Одржување на LMS (Системот за управување со учењето)“ за 2022 година во износ од 600.000,00 денари во предлог - буџетското барање за наредната година.

Исто така, да се има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на набавка за продолжување на поддршката за лиценците кои се користат за ИКТ проектите (нов текст) ја усвои Информацијата и даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2021, 2022 и 2023 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавката за продолжување на поддршката за лиценците кои се користат за ИКТ проектите, во вкупна вредност од 43.800.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 5.300.000,00 денари во 2021 година
- 13.500.000,00 денари во 2022 година и
- 25.000.000,00 денари во 2023 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна набавка на „Одржување на системот за плаќање на таксени марки преку СМС (eNAPSIS)” и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за започнување на повеќегодишна јавна набавка на „Одржување на системот за плаќање на таксени марки преку СМС (eNAPSIS) и за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2021 и 2022 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за повеќегодишна набавка „Одржување на системот за плаќање на таксени марки преку СМС (eNAPSIS)” во вкупна вредност од 1.200.000 денари без ДДВ; со динамика на плаќање од 600.000,00 денари во 2021 година и 600.000 денари за 2022 година, од кои средствата за 2021 година се одобрени во буџетот на Министерството за таа година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги предвиди потребните буџетски средства за повеќегодишна набавка на „Одржување на системот за плаќање на таксени марки преку СМС (eNAPSIS)” за 2022 година во износ од 600.000 денари во предлог-буџетското барање за наредната година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 29

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за повеќегодишна набавка на „Превентивно и адаптивно одржување на системот ЕНЕР“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за започнување на повеќегодишна јавна набавка на „Превентивно и адаптивно одржување на системот ЕНЕР“ и за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2021 и 2022 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за повеќегодишна набавка на „Превентивно и адаптивно одржување на системот ЕНЕР“, во вкупна вредност од 1.200.000 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 600.000,00 денари во 2021 година
- 600.000,00 денари во 2022 година

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при

утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3. Потребните средства за реализација на набавката во 2021 година се обезбедени во рамките на одобрениот Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година, во рамките на раздел 17001, Министерство за информатичко општество и администрација.

Средствата за 2022 година, да бидат планирани во Предлог буџетското барање за истата.

## Точка 30

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог - методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја прифати Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, до крајот на февруари 2021 година, да формира Комисија за оценување и анализа на резултатите добиени од спроведеното мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите, со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за информатичко општество и администрација, која ќе го спроведе оценувањето и ќе ги достави финалните наоди од мерењето на квалитетот и сумираните резултати до Владата на Република Северна Македонија до крајот на септември 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, до првата половина на март 2021 година, да го дистрибуира прашалникот за евалуација до Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги, Агенцијата за администрација, Агенцијата за катастар на недвижности, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Министерството за финансии - Биро за јавни набавки, Министерството за економија – Државен пазарен инспекторат и Националната установа – Филхармонија на Република Северна Македонија.
4. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги, Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за финансии - Биро за јавни набавки, Министерството за економија – Државен пазарен инспекторат, Националната установа Филхармонија на Република Северна Македонија-Скопје, до средината на март 2021 година да номинираат одговорно лице кое ќе го координира процесот на пополнување на прашалникот за евалуација во рамките на својата институција и да го достават пополнетиот прашалник до Министерството за информатичко

општество и администрација до крајот на мај 2021 година, а им се укажува на Агенцијата за администрација и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да ја спроведат оваа активност во определениот рок.

Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на првата меѓународна конференција во рамките на Преспа форумот за дијалог во Охрид и Преспа од 15 до 17 јуни 2021 година и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за одбрана и Секретаријатот за европски прашања, а им се препорачува на Општина Охрид и Општина Ресен, најдоцна до 19 февруари 2021 година, до Министерството за надворешни работи да достават номинации за член и заменик член од нивните институции кои ќе учествуваат во работната група и ќе придонесат во планирањето, координирањето и спроведувањето на активностите за подготовка и реализација на првата меѓународна конференција во рамките на Преспа форумот за дијалог во Охрид и Преспа од 15 до 17 јуни 2021 година.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 32

Владата ја донесе Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Азербејџан, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Руската Федерација во Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 34

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1127 на Советот од 30 јули 2020 година за изменување на

Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади што претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки, во предложениот текст.

Исто така предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 35</u>**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1516 на Советот од 19 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИЛ (Да'еш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти поврзани со нив, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 36</u>**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1506 на Советот од 16 октомври 2020 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 37</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ (моторно возило), во предложениот текст.

**<u>Точка 38</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи (пловен објект-брод), во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 39

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за подготовката на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија кој ќе се одржи на 25 февруари 2021 година во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија за претседавач на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција.

2. Се задолжува Блерим Златку, претседавач на Поткомитетот внатрешен пазар и конкуренција, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот и истата да биде доставена до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 17 февруари 2021 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија веднаш по усвојувањето на истите од страна на работните тела на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 17 февруари 2021 година.

Исто така, предлагачот да ги има предвид мислењата од Министерството за правда и Министерството за транспорт и врски.

Истовремено, да се има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за изработката на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36), со Предлог на Извештај (нов текст) и да ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Го усвои новиот текст на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36).

2. Се задолжува Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија да го достави Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36) до Центарот за светско наследство на УНЕСКО, најдоцна до 25 февруари 2021 година.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги Сатива 19 ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Сатива 19 ДОО – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница – Охрид (санитетско возило), во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Предлог-одлукатаза видот и висината на надоместоците на членовите на Одборот за акредитација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа, со Компаративна анализа и го донесе новиот текст на Одлуката за видот и висината на надоместоците на членовите на Одборот за акредитација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на директорите и давателите на услуги во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната установа за деца - Детско одморалиште „Илинден“ - Гостивар за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници за наредната седница на Владата.

## Точка 48

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 6 став (2) алинеја 2 од Законот за бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 24/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), поднесено од пратеникот Панчо Минов и притоа го утврди следново мислење:

Со наведеното Барање побарано е автентично толкување на член 6 став (2) алинеја 2 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти од причина што оваа одредба не предизвикала воедначена примена на Законот од страна на различни општини, Градот Скопје и општините во Градот Скопје.

Имено, некои општини во постапката за легализација покрај доказите кои се опфатени во членот 6 став (2) алинеја 2 од Законот како доказ го користеле јавно достапниот сервис на интернет „Google Earth", кој за некои делови од територијата на државата не бил во можност прецизно и со сигурност да ја утврди фактичката состојба дали бесправниот објект е изграден пред или по влегување во сила на Законот.

Поради тоа, подносителот на Иницијативата бара автентично толкување на предметната одредба и го поставува прашањето дали кога законодавецот ја уредил ваквата одредба со неа предвидел можност имателот на бесправниот објект кој поднел барање за утврдување на правен статус, да достави доказ за приклучок на комунална инфраструктура и/или сметки за јавни услуги (струја, вода итн.) или кога бесправниот објект нема инфраструктурни приклучоци да достави изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која ќе потврди дека бесправниот објект е изграден пред влегување во сила на Законот или пак со формулацијата на истата имал за цел заради утврдување на временскиот период кога е изграден бесправниот објект покрај овие докази да се користат и дополнителни докази.

Членот 6 став (2) од Законот гласи:
„Барателот е должен со барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти од значење за Републиката, објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита и објекти од локално значење освен електронски комуникациски мрежи и средства и линиски инфраструктурни објекти да достави:

- уверение за државјанство или копија од лична карта за домашно физичко лице односно копија од патна исправа за странско физичко лице, а за домашно и странско правно лице, извод од Централен регистар на Република Македонија

односно од соодветната институција во државата во која странското правно лице има седиште;

-доказ за приклучок на комунална инфраструктура и/или сметки за јавни услуги (струја, вода итн.) а доколку бесправниот објект нема инфраструктурни приклучоци изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот ќе потврди дека бесправниот објект е изграден пред влегувањето во сила на овој закон и

- геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект.".

Во членот 6 став (2) алинеја 2, кој е предмет на барањето за автентично толкување, како едни од доказите кои се доставуваат кон барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, наведени се доказ за приклучок на комунална инфраструктура и/или сметки за јавни услуги (струја, вода итн.) а доколку бесправниот објект нема инфраструктурни приклучоци, изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот ќе потврди дека бесправниот објект е изграден пред влегувањето во сила на овој закон, согласно кои докази се утврдува дали бесправниот објект бил изграден пред влегувањето во сила на овој закон.

Исто така, треба да се има предвид и дека согласно член 9 став (1) од Законот, по приемот на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, комисија формирана од министерот кој раководи со органот надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, ја утврдува фактичката состојба на самото место и составува записник за извршен увид на самото место со технички податоци за бесправниот објект и фотографии од истиот.

Во ниту една од одредбите од Законот за постапување со бесправно изградени објекти не е предвидено користење на јавно достапниот сервис на интернет "Google Earth" заради утврдување на фактичката состојба во смисла на тоа кога бил изграден бесправниот објект.

Имајќи предвид дека во членот 6 став (2) алинеја 2 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти јасно и недвосмислено е наведено кои докази треба да се достават од страна на барателот, Владата на Република Северна Македонија смета дека нема потреба од автентично толкување на оваа одредба.

## Точка 49

Владата го разгледа Барањето за автентично толкување на член 78 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/158, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 14/20), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска и притоа го утврди следното мислење:

Со членот 1 од Законот за административни службеници се уредуваат статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници.

Во Глава XII Дисциплинска одговорност на административните службеници, законодавецот ја уредил дисциплинската одговорност, видовите на дисциплинска одговорност, дисциплинската неуредност, дисциплинскиот прекршок, дисциплинските мерки, изрекувањето на дисциплинска мерка, дисциплинската постапка по дисциплински престап, правото на поднесување на иницијатива за дисциплинска постапка, застареноста на поведување на дисциплинска постапка, извршување на парична казна и суспензија.

Во член 70 од Законот за административни службеници е уредено дека административниот службеник е лично одговорен за вршењето на работите и работните задачи од работното место и секој административен службеник, освен секретарот одговара дисциплински, а во член 71 е утврдено дека административниот службеник одговара дисциплински за дисциплинска неуредност и дисциплински престап.

Дисциплинска неуредност претставува полесна повреда на работната дисциплина, работните задачи, угледот на институцијата или на административниот службеник (член 72), а дисциплински престап претставува потешка повреда на службената должност, работната дисциплина, угледот на институцијата или угледот на административниот службеник (член 73).

Во членот 74, законодавецот утврдил дека со одлука за утврдена дисциплинска неуредност на административниот службеник може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:
- писмена опомена и
- парична казна во висина од 20% од висината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред дисциплинска неуредност, во траење од еден до три месеци.

Во ставот (2) од истиот член е уредено дека со одлука за утврден дисциплински престап на административниот службеник може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:
- парична казна во висина од 30% од висината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред дисциплинскиот престап во траење од еден до шест месеци,
- распоредување на работно место во непосредно пониско ниво и
- престанок на работниот однос кога настапиле штетни последици за институцијата, а притоа не се утврдени олеснителни околности за административниот службеник кој го сторил престапот.

Дисциплинските мерки против административниот службеник за дисциплинска неуредност ги изрекува секретарот, односно раководното лице на институцијата во

која не се назначува секретар, во рок од седум дена од денот на добиениот писмен извештај од претпоставениот административен службеник.

Во Законот за административни службеници, во членот 76, е уредена дисциплинската постапка по дисциплински престап, составот на Дисциплинската комисија, рокот за свикување и одржување на седницата, изведувањето на доказите, произнесувањето на административниот службеник по наводите во предлогот за покренување на дисциплинска постапка, гласањето на членовите на Дисциплинската комисија, дисциплинската мерка и донесување на решение за изрекување на дисциплинска мерка и основот за поднесување на жалба на незадоволниот административен службеник до Агенцијата за администрација.

Право да поднесе иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против административен службеник има секој административен службеник и друго лице, во согласност со закон, а предлог за покренување на дисциплинска постапка поднесува непосредно претпоставениот административен службеник, секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар.

Во членот 78 од Законот за административни службеници, за кој е и поднесено барање за давање на автентично толкување, е уредена застареноста на поведување на дисциплинска постапка, законодавецот во три става го утврдил основот и во кои случаи е предвидено застареност за поведување на дисциплинска постапка, кои гласат:

„(1) Дисциплинската постапка не може да се поведе ако поминал еден месец од денот кога непосредно раководниот административен службеник, односно секретарот во институцијата, дознал за повредата на службената должност.
(2) Дисциплинската постапка не може да се поведе ако поминале три месеци од денот кога е сторена повредата на службената должност, освен кога дисциплинската постапка се поведува по наод на внатрешна ревизија за што рокот на застареност е една година.
(3) Ако повредата на службената должност повлекува и кривична одговорност, дисциплинската постапка за утврдување на одговорноста на административниот службеник застарува во рок од две години од денот на дознавањето за повредата.“.

Од содржината на претходно цитираните одредби за дисциплинска одговорност кои се уредени со глава XII од Законот за административни службеници, законодавецот на јасен и експлицитен начин ја уредува дисциплинската одговорност, видовите на дисциплинска одговорност, дисциплинската неуредност, дисциплинскиот престап, дисциплинските мерки, изрекувањето на дисциплинска мерка, дисциплинската постапка по дисциплински престап, правото на поднесување на иницијатива за дисциплинска постапка, застареноста на поведување на дисциплинска постапка, извршување на парична казна и суспензија во секој од ставовите е утврден основот за застареност за поведување на дисциплинска постапка, а членот 78 со заеднички одредби ги уредува роковите за поведување дисциплинска постапка за дисциплинска одговорност за сторена повреда на службената должност, односно за полесна повреда на службената

должност (дисциплинска неуредност) и потешка повреда на службената должност (дисциплински престап). Со оглед на фактот дека во Законот е утврден рок за поведување на дисциплинска постапка, рок за водење на дисциплинската постапка за дисциплинска одговорност и рок за изрекување на дисциплински мерки, во Законот со заеднички одредби се утврдени роковите за застареност за дисциплинската неуредност и дисциплинскиот престап.

Врз основа на претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 78 од Законот за административни службеници е доволно јасен и прецизен и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истиот.

**Точка 50**

Владата ги разгледа Предлогот на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2021 година и Предлогот на Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2021 година, со предлог-одлуки за давање согласност и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 13 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 220/19) предлог-годишната програма за работа и развој и предлог-годишниот финансиски план, Агенцијата ги доставува на согласност до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до крајот на декември секоја година, а според ставот (2) од истиот член, годишната програма за работа и развој и годишниот финансиски план од ставот (1) на овој член ги донесува Управниот одбор по претходно добиена согласност од Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на јануари секоја година.

Предлог-годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година ги содржи основните цели и активности на Агенцијата за 2021 година.

Пандемијата COVID 19 има катастрофален удар врз воздушниот сообраќај и воздухопловството во целина, а со тоа и врз финансиското работење на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Со оглед на нејзиното очекувано продолжено присуство и во 2021 година, Агенцијата за цивилно воздухопловство и во 2021 година ќе се бори за одржување на финансиската стабилност во ново настанатите услови со цел намалување на негативните последици и влијанија врз остварување на целите и предметот на нејзиното функционирање.

Согласно Предлог-годишниот финансиски план, приходите на Агенцијата за 2021 година, се планирани на ниво од 184.600.000 денари и на истиот износ се планирани и расходите на Агенцијата за 2021 година. Планираните приходи за 2021 година се намалени за 8,3% во однос на планираните приходи за 2020 година и за истиот процент се намалени и планираните расходи за 2021 година во однос на

планираните за 2020 година. Зголемување има само кај следните расходи: наем-лизинг, комунални услуги, трошоци за вработените и останати трошоци на работењето, а е дадено образложение за причините за планираното зголемување на горенаведените расходи.

Врз основа на претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на истите.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2021 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 9 точка 2 од Законот за државната ревизија, главниот државен ревизор е надлежен за донесување на годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија. Предметната програма е донесена на 25 декември 2020 година и истата дава осврт на активностите кои е предвидено да се реализираат во текот на 2021 година, а во насока на реализација на стратешките цели на државната ревизија во Република Северна Македонија. Согласно член 23 став 2 од Законот за државната ревизија, Државниот завод за ревизија ја доставува годишната програма за работа до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до декември во тековната година за наредната година.

Тргнувајќи од информативниот карактер на Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2021 година, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по истата.

**Точка 52**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Владимир Василевски од Скопје, преку адвокат Горан Андревски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.310/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката на Владата на Република Македонија за предавање на недвижност-градежно земјиште во владение на ЈП за државни патишта, бр.42-4072/1 од 3.6.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2014) за наредната седница на Владата откако истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски во соработка со Министерството за правда, Јавното претпријатие за државни патишта, Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство и Државното правобранителство на Република Северна Македонија, да подготви и до Владата да достави заедничко мислење.

## Точка 53

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата поднесена од адвокатското друштво Давидовиќ и Јанковиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.322/2020 за оценување на уставноста на член 61 став 2 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија" бр.20/1998, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/2010, 55/2013, 33/2015 и 104/2015), откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за финансии, во соработка со Секретаријатот за законодавство, да подготви и до Владата да достави заедничкото мислење.

## Точка 54

Владата ја разгледа Понудата од нотар Пане Нацев од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 17476 за КО Кавадарци, на КП бр. 13457, место/улица Д. Атанасов 4 и Имотен лист бр. 5572 за КО Кавадарци, на КП бр. 13457 и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 55

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12055 за КО Ѓорче Петров 1-Ново Село на КП бр.721/4, викано место Блага Вода и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 56

Владата ја разгледа Понудата од нотар Наташа Велеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4979 за КО Прилеп на КП бр.6783 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 57

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Адамческа од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.66955 за КО Маџари на КП бр.1125/36 на место викано/улица „Перо Наков" 66 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 58

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Адамческа од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7329 за КО Центар 1, Имотен лист бр.111109 за КО Центар 1 и Имотен лист бр.111108 за КО Центар 1, КП бр.13577/2, со дополнувањето и по Понудата го усвои најновото Известување на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 55294 за КО Центар 2, на КП бр.2692, место/улица С.Арсов и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 60**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр. 742/20, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9377 за КО Крива Паланка, КП 3788 за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата до Владата мислење да достави АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Софче Ристова од Струмица, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.311/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 2 од Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.190/2019) и притоа го утврди следното мислење:

Според членот 8 алинеи 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија како темелни вредности на уставниот поредок на нашата држава се: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународно право и утврдени со Уставот како и владеење на правото.

Според членот 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и закон.

Со оспорената одредба не се врши повреда на темелните вредности бидејќи со истата не се загрозуваат признаени слободи и права ниту пак се повредува системот на владеење на правото. Напротив со Законот за правосудниот испит се уредува одредена правна област и се овозможува владеење на правото. Законодавецот во конкретниот случај законски ги одредил условите кои кандидатите треба да ги исполнат за да може да полагаат правосуден испит. Едновремено потсетуваме дека положен правосуден испит е еден од условите да се стане судија, јавен обвинител, адвокат, нотар или извршител. Воедно, појаснуваме дека при постоење на два системи на високо образование законодавецот оценил дека нивото на образование кое е потребно кандидатот да го исполнува е да има остварено 300 кредити согласно Болоњската декларација (ЕКТС) или VII/1 степен според претходниот систем на високо образование, односно Законот за правосуден

испит прави дистинкција помеѓу лицата кои завршиле правни студии пред и после воведување на Болоњската декларација на студирање, а право на полагање имаат дипломирани правници со стекнати 300 кредити според ЕКТС.

Според наведеното не станува збор за дискриминација по никаков основ ниту пак за толкување на законска одредба туку за примена на законско решение за исполнетост на услови за стекнување со одредено право.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од Законот за правосудниот испит е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на членот 2 од Законот за правосудниот испит.

## Точка 62

1. Владата го разреши Ќефали Хавзија од должноста вршител на должноста заменик на директорот на ВПУ Воспитно – поправен дом Тетово.

2. Владата го разреши Мурат Рамадани од должноста директор на Казнено поправна установа Затвор Тетово.

3. Владата го именува Ќефали Хавзија за вршител на должноста директор на Казнено поправна установа Затвор Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го именува Нусри Нухи за заменик на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост ги отповика:
- Јанаки Костов
- Нермин Чолиќ од независен член
- Владо Павловски од независен член.

6. Владата го разреши Дејан Стојковски, претставник од редот на вработените во Институтот за акредитација на Република Северна Македонија од должноста член на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

6.1 Владата за членови на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија ги именува:
- Проф. д-р Павле Секуловски, претставник на универзитетите
- Теодор Шутаров, претставник од редот на вработените во Институтот.

**7.** Владата на Александра Петковска и Мухамед Рамадани им утврди престанок на мандатот членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Посебно основно училиште „Иднина“ – Скопје.

7.1 Владата го именува Семир Пајазити за член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Посебно основно училиште „Иднина“ – Скопје.

## Точка 63

**1.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог - законот за изменување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.44-8874/1 од 27 септември 2020 година.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 3 февруари 2021 до 9 февруари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата по Информацијата за проблемите со обезбедување на нафта Еуродизел БС за потребите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. формира работната група со претставници од Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. која за наредната седница на Владата да предложи соодветно системско решение на прашањето

**4.** По повод Известувањето од Министерството за животна средина и просторно планирање, доставено под архивски број 02-1081/1, во врска со потребата од изменување на заклучоци од Точка 30 од Нацрт-записникот од 43-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година, Владата заклучи следниве предлог-заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за финансии во соработка Министерството за животна средина и просторно планирање да започне постапка за обезбедување на заем од меѓународни финансиски организации за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен, Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки Регион во висина од 55.367.614,00 евра, најдоцна до 15 февруари 2021 година.

2) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да поднесе апликација до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 20 февруари 2021 година за обезбедување на средства во висина до 70% од инвестицијата (од вкупна инвестиција за Полог 17.370.614,00 евра) преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) на тековниот отворен повик за Инвестициски грантови (6-ти повик за инвестициски грантови дел 2).

3) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да поднесе апликација до Секретаријатот за европски прашања за обезбедување на средства во висина до 70% од инвестицијата за секоја од инвестициите, односно 10.784.200,00 евра за Југоисточен и Вардарски Регион и 15.813.700 ,00 евра за Пелагониски и Југозападен Регион, преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) на наредниот повик, најдоцна до 15 февруари 2021 година.

Да се изменат и да гласат:

1. Прифати да биде реализиран Проектот за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен, Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки Регион.

2. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и достави барање до Европската банка за обнова и развој за изразување интерес за финансирање на Проектот за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен, Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки Регион, со заем во висина од 55.367.614,00 евра и да побара Европската банка за обнова и развој да биде водечка финансиска институција за подготовка и поднесување на ВБИФ апликација за обезбедување на инвестициски грант за проектот во висина од 70% од вкупните средства, со цел износот на заемот да се намали зависно од износот на инвестицискиот грант кој ќе се одобри од ВБИФ.

3. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање во барањето до Европската банка за обнова и развој да ја образложи потребата од утврдување на начин за обезбедување на грант за техничка помош за подготовка на документацијата која недостасува за одредените региони, со цел подготовка и реализација на овој проект.

**5.** По повод Известувањето од Министерството за правда, доставено под архивски број 21-977/1, Владата заклучи Предлог-заклучокот број 4: „Се задолжува Министерството за правда да направи анализа на настанатата ситуација во услови на пандемијата КОВИД-19 и нејзиното влијание во делот на организирање и спроведување на работните процеси во сите сфери на стопанисување на државата и согласно тоа да премине кон утврдување на третманот на пандемијата во македонското законодавство, а со тоа и посеопфатно прецизирање на „виша сила“.“, од 35-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 декември 2020 година, да се измени и да гласи:

„4. Формира Работна група со претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за економија и Министерството за култура, со која ќе раководи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, која да направи анализа на настанатата ситуација во услови на пандемијата КОВИД-19 и нејзиното влијание во делот на организирање и спроведување на работните процеси во сите сфери на стопанисување на државата и согласно тоа да премине кон утврдување на третманот на пандемијата во македонското законодавство, а со тоа и посеопфатно прецизирање на „виша сила“.“.“

**6.** Членовите на Владата се информираа за формирањето на Работната група за следење на реализација на проектите дел од Анексот на договорот за концесија, помеѓу Република Северна Македонија, ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино и ТАВ Хавалиманлари Холдинг.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Барањето доставено од Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија доставено под број 03-699/1 од 5 февруари 2016 година.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 6 февруари 2021 до 12 февруари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** По повод одбележувањето на 17-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски, на 26 февруари 2021 година (петок), Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за надворешни работи, во координација со „Меѓународната Фондација Борис Трајковски“, да преземе протоколарна коресподенција и достави покана на доајенот на дипломатскиот кор во врска со настанот за одбележување на 17-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски и да назначи офицери за врска за делегациите.

2) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе потребните безбедносни и сообраќајни мерки.

3) Се задолжува Министерството за одбрана, по повод настанот за одбележување на 17-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија Борис Трајковски, да обезбеди соодветен број претставници на гардата на Армијата на Република Северна Македонија за положување цвеќе и материјално-техничка поддршка (опрема за положување цвеќе) од Армијата.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди: службени возила за лицата членови на Делегацијата, црвени патеки, знамиња, носачи на венец и еден венец за Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија.

5) На одбележувањето на 17-годишнината од авионската несреќа кај Ротимље, Мостар, Босна и Херцеговина, на овогодинешното одбележување на 26 февруари 2021 година, да присуствуваат следниве делегации:

а) во Ротимље, Босна и Херцеговина:

- Делегацијата да ја предводи заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Љупчо Николовски;
- министерот за труд и социјална политика, д-р Јагода Шахпаска и
- амбасадорот на Република Северна Македонија во Босна и Херцеговина.

Патувањето на Делегацијата во Ротимље, Босна и Херцеговина, да се реализира со владиниот авион.

б) во Струмица - положување свежо цвеќе на споменикот на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски:

- министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски и
- националниот координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка, м-р Роберт Алаѓозовски.

в) на Градските гробишта Бутел, Скопје во организација на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија - положување свежо цвеќе на гробот на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски:

- министерот за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска;
- министерот за надворешни работи, д-р Бујар Османи и
- заменикот на министерот за животна средина и просторно планирање, д-р Христина Оџаклиеска.

**10.** Владата заклучи: - да го поништи Заклучокот од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 декември 2020 година, со

кој АД ЕСМ Скопје беше задолжен да започне конкурентна постапка со преговарање согласно Законот за јавни набавки, со цел избор на трансакциски советник во тендерската постапка за изградба на ХЕЦ „Чебрен“.

- се задолжува Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди правни услуги, преку ангажирање на правен советник во тендерската постапка за ХЕЦ „Чебрен“.

**11.** Владата заклучи да ги повлече од собраниска постапка:

1) Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.44-8851/1 од 27 септември 2020 година и

2) Предлогот на закон за изменување на Законот за здравствената заштита, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.44-8804/1 од 27 септември 2020 година.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2021 година, со Годишен финансиски план, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на користење на средствата за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 67**

Владата го разгледа Планот за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 68**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес, октомври-декември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес да превземе мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период.

**Точка 69**

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули-декември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 70**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар за 2020 година, со финансиски извештаи за 2020 година и дополнување кон Извештајот, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени координирани акции и други активности на Координативното тело за интелектуална сопственост во текот на 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 72**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, како материјал за информирање.

Исто така предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 73**

Владата го разгледа Извештајот за спроведените активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2020 година, како материјал за информирање.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надоместок на Државната комисија за спречување на корупцијата, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државната комисија за спречување на корупцијата, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св. Наум Охридски“ Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на движна ствар – патничко моторно возило и возач на лично располагање на времено користење без надоместок на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на времено користење на движна ствар на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 79**

Владата ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување државјанство на Република Северна Македонија, со заклучок истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ" Куманово, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков" Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата со нов текст на Предлог - барање за автентично толкување на член 3 став (1) точка 12 и член 49 став (1) од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), ја усвои Информацијата и врз основа на член 68 став (1) алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија побара автентично толкување од Собранието на Република Северна Македонија, во однос на член 3 став (1) точка 12 и член 49 став (1) од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17).

**Точка 83**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ" Скопје, во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за предметот на набавка, целите на системот и детален опис на софтверско решение за Кодификација на правото и правниот поредок на Република Северна Македонија и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да започне со изработка на тендерска документација и да ја отпочне

постапката за набавка на софтверското решение за Кодификација на правото и правниот поредок на Република Северна Македонија.

**Точка 85**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пинџуклиски“ Кратово, во предложениот текст.

**Точка 86**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за вклучување на Република Северна Македонија во серијата дијалози за глобалните сајбер политики во соработка со Кралството Холандија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да биде носител на процесот Регионални дијалози за глобалните сајбер политики.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да биде организатор на Регионалните дијалози за глобалните сајбер политики, и во нивна реализација, да ги вклучи сите институции инволвирани во Националниот совет за сајбер безбедност.

**Точка 88**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола, во предложениот текст.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за петти сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на КОВИД-19 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Во однос на Мерката 1 „Финансиска поддршка на плати за вработените“, се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Управата за јавни приходи и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и до Владата да достави интервентен Предлог на закон за финансиска поддршка за исплата на плата.
• Поддршката која се однесува на февруари 2021 година ќе се пресметува споредувајќи ги просечните приходи на компанијата за ноември 2020 година, декември 2020 година и јануари 2021 година, во споредба со просекот од ноември 2019 година, декември 2019 година и јануари 2020 година, додека поддршката која се однесува на март ќе се пресметува споредувајќи ги просечните приходи на

компанијата за декември 2020 година, јануари 2021 година и февруари 2021 година во споредба со просекот од декември 2019 година, јануари 2020 година и февруари 2020 година.
• Сите компании на денот на добивање на финансиска помош имаат обврска да го задржат или да го зголемат бројот на вработени како на 31.12.2020 година. Исклучок од ова правило ќе бидат дејностите кои заради здравствените протоколи се целосно затворени или нивното работење е 50% намалено (Ресторани за свадби, ноќни клубови и кабареа, транспортери, игротеки за деца и др.).
• Доколку компанијата корисник прикаже инвестиции во износ на примените средства по основ на оваа мерка во текот на 2021 година, финансиската поддршка ќе биде неповратна.

2. Во однос на Мерката 2 „Финансиска поддршка преку кредити со 0% каматна стапка за најпогодените сектори (туризам, занаетчии, угостителство, транспорт, индустрија за организација на настани и др.)", се задолжуваат Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје и Министерство за финансии истата да ја спроведат.

3. Во однос на Мерката 3 „Финансиска поддршка за радиодифузерите", се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да предложи и до Владата да достави предлог - измени на релевантните законски и подзаконски акти со кои ќе се овозможи реализација на оваа мерка.

4. Во однос на Мерката 4 „Ослободување од надоместокот за мултиплекс фреквенции", се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Агенцијата за електронски комуникации да подготви и до Владата да достави предлог - измени на релевантните законски и подзаконски акти со кои ќе се овозможи реализација на истата.

5. Во однос на Мерката 5 „Финансиска поддршка на занаетчиите", се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветни предлог - законски измени со кои на регистрираните занаетчии ќе им се овозможи намалување на износот за аконтации за 50%.

6. Во однос на Мерката 6 „Финансиска поддршка на граѓаните преку продолжување на мерката за ослободување од плаќање на аконтации на данок на личен доход до 30.6.2021 година", се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Управата за јавни приходи да подготви и до Владата да достави соодветни предлог - законски измени со кои ќе се операционализира истата.

7. Во однос на Мерката 7 „Финансиска поддршка во форма на грантови за меѓународни транспортери", се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави список на регистрирани компании за меѓународен линиски и/или слободен превоз на патници до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

8. Во однос на Мерката 8 „Финансиска поддршка во форма на грант за превоз на патници во патен сообраќај“, се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави список на регистрирани компании за меѓународен линиски и/или слободен превоз на патници до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

• Прочистениот список од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да се достави до Управата за јавни приходи и Централниот регистар на Република Северна Македонија за проверка на износот на приходите во 2019 година и 2020 година со што се утврдува процентот на пад. Според претходно утврдената методологија од страна на Министерството за транспорт и врски и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија се прави пресметка и исплата на пресметаниот износ кон секоја компанија.

9. Во однос на Мерката 9 „Државна кредитна гарантна шема“, се задолжуваат Министерството за финансии и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да ја операционализираат истата.

10. Во однос на Мерката 10 „Продолжување на грејс периодот од кредитната линија КФ „Ковид 2“ и одложување на извршување за компаниите со финансиски потешкотии на ПКФ „Ковид 1“, се задолжува Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, во координација со Министерството за финансии да ја реализираат истата и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје потоа да ја информира Владата.

11. Во однос на Мерката 11 „Поддршка за индустријата и операторите за организација на настани за реализација на проекти од исклучителен јавен и државен интерес“, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Марјан Забрчанец, национален координатор за стратегиски комуникации и за спроведување на комуникациска стратегија на Владата да подготви методологија за реализација на истата и во рок од 30 дена до Владата да достави соодветен предлог.

12. Во однос на Мерката 12 „Финансиска поддршка на хотели кои функционираат надвор од туристичките центри, а кај кои не се користени ваучери“, се задолжува Министерството за економија да ја реализира истата.

13. Во однос на Мерката 13 „Фонд за поддршка на извозни компании“, се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да подготви и до Владата да достави соодветен предлог (концепт) со методологија и критериуми за воспоставување на Фондот.

14. Во однос на Мерката 14 „33% од сумата што спортските клубови ја добиваат според ваучерскиот систем да се исплатат од буџетот на почетокот на годината“, се задолжува Агенцијата за млади и спорт, во соработка со Министерството за финансии и Управата за јавни приходи да ја спроведат истата.

15. Во однос на Мерката 15 „Укинување на царински стапки за 71 продукти/суровини (автономни мерки)“, се задолжува Министерство за економија да ја следи реализацијата на истата.

16. Во однос на Мерката 16 „Укинување и намалување на царински стапки за 31 суровина и месо (автономни мерки)“, се задолжува Министерство за економија да ја следи реализацијата на истата.
17. Во однос на Мерката 17 „Ревидирање на Царинскиот тарифник“, се задолжува Министерството за финансии да ја интензивира работата на Работната група за ревизија на Царинскиот тарифник и до крајот на март 2021 година, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да има прва драфт верзија на новиот Царински тарифник.

18. Во однос на Мерката 18 „Олеснителни услови за 2020 година за 245 компании кои имаат активни договори и потенцијално нови кои ќе инвестираат според Законот за финансиска поддршка на инвестиции“, се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во соработка со Министерството за економија да ја интензивираат работата на Работната група и Министерството за економија да подготви и до Владата да достави соодветни предлог - законски измени до крајот на април 2021 година.

19. Во однос на Мерката 19 „Ко-финансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст во период на КОВИД“, се задолжува Фондот за иновации и технолошки развој да ја операционализира истата.

20. Во однос на Мерката 20 „Користење на средства од неискористени блок дотации за општините за капитални инвестиции“, се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за култура, односно други надлежни министерства да подготват и до Владата да достават соодветни предлог - законски решенија за реализација на истата.

21. Во однос на Мерката 21 „Финансиска поддршка на тутунарите“, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да ја реализираат истата.

22. Во однос на Мерката 22 „Бришење на камати по долгови на граѓаните спрема Јавни институции/претпријатија и за даночни долгови“, се задолжува Министерството за правда, во соработка со Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Управата за јавни приходи и Заедницата на единиците на локалната самоуправа да ја операционализираат истата.

• Да се подготви и до Владата да се постави Предлог на закон за репрограмирање на даночните долгови на физичките лица со право на отпишувањето на камата.

23. Во однос на Мерката 23 „Финансиска поддршка за здравствени работници кои биле изоставени со третиот пакет мерки“, се задолжува Министерството за здравство и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја спроведат истата.

24. Во однос на Мерката 24 „Временско продолжување на концесии, и одложување на плаќање на надомест за лиценци и дозволи за вршење дејности“, се задолжуваат сите државните институции кои издаваат дозволи и лиценци за вршење на различни видови на дејност истите да ги продолжат за една календарска година, без да наплаќаат надоместок и во рок од 30 дена за ова да ја информираат Владата.

25. Во однос на Мерката 25 „Ослободување од договорни обврски (плаќање пенали) за договори потпишани со единиците на локалната самоуправа на компании погодени од кризата“, се задолжува Министерството за правда и Министерството за локална самоуправа да ја операционализираат истата.

26. Во однос на Мерката 26 „Финансиска поддршка на преработувачи и извозници на грозје“, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување на Законот за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од КОВИД-19 врз производството и откупот на грозје и винската индустрија.

27. Во однос на Мерката 27 „Финансиска поддршка со креирање т.н. Мечинг фонд за претприемачи Роми“, се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да ја операционализираат истата.

28. Во однос на Мерката 28 „Зголемување на прагот на оданочување со данок на добивка на регрес“, се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави предлог - законска измена до крајот на март 2021 година.

29. Во однос на Мерката 29 „Дигитална трансформација на бизнисите“, се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација со објавување јавен повик да ја спроведе истата.

<u>**Точка 90**</u>

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Истовремено, се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди возило за транспорт (за преселба) за

потребите на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

Точка 91

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, во предложениот текст.

Истовремено, се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди возило за транспорт (за преселба) за потребите на Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

Точка 92

Владата ја разгледа Информацијата за проектот за човечки капитал и изработка на стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија, во соработка со Групација Светска банка, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за здравство во рок од пет работни дена да номинираат свои претставници во Работната група за изработка на Стратегијата за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија.

Со Работната група ќе раководат Нина Фити Неделковска и д-р Ванчо Узунов советници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 93

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за февруари 2021 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 24 февруари 2021 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со февруарските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 25 февруари 2021 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи, според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 25 февруари 2021 година (четврток);

- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 26 февруари 2021 година (петок);

- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 1 март 2021 година (понеделник ) и

- За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 2 март 2021 година (вторник ).

**Точка 94**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија" – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 95**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за правда - Инспекторат за употреба на јазиците, во предложениот текст.

**Точка 96**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19, за месеците февруари и март 2021 година, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Ардиан Џеладини, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 97**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19, заради исплата на платите за месеците февруари и март 2021 година, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен

секретар во Министерството за финансии и Ардиан Целадини, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за содржината на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2021 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за потребните активности за продолжување на процесот на децентрализација, со Предлог-одлука за формирање на Работна група за продолжување на процесот на децентрализација и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Работна група за продолжување на процесот на децентрализација.

2. Се задолжува Работната група за својата работа да поднесе извештај до Владата на Рупублика Северна Македонија, во рок од 30 дена од одржување на првата седница.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:05 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |